1851

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
**ВЕЧЕР**
Скопје
30. IX. 1966



## Младите и ликовната уметност

# Традиционални аматерски ревии

### За работата на ликовниот клуб зборува Теофил Шулајковски

**Во Работничкиот дом веќе од поодамна постои и работи младински клуб на љубителите на ликовната уметност. Оваа група младинци досега имаат успех во работата и постигнатите резултати се плод на повеќегодишните напори за запознавање со ликовната уметност.**

За тоа разговаравме со младиот сликар **Теофил Шулајковски** кој е стручен соработник за ликовно образование во **Центарот за култура при Работничкиот универзитет.** Тој веќе повеќе години работи и го води клубот.

— **Ликовниот младински клуб при Работничкиот дом** — ни рече Шулајковски — **досега има постигнато навистина видни резултати во омасовувањето и ширењето на ликовниот аматеризам.** Клубот почна да работи уште од 1959 год., и во него членуваат младинци од работните организации и од средните училишта. Сега членуваат околу 20 млади и талентирани љубители на ликовната уметност.

— Што опфаќа програмата за работа, дали е таа доволна за изградување на личност со одредени ликовни знаења?

— **Програмата** — продолжи Шулајковски — се состои се разбира од теорет**ски и практичен дел. Така, редовно има предавања од историјата на уметноста, за правците во уметноста, па и за најсовремената денешна ликовна активност во другите земји и кај нас.**

Со работата на нашиот клуб сакаме да создадеме што повеќе млади ликовно изградени луѓе, да ги развиеме предиспозициите, што постојат кај голем дел младинци. Така со подолга работа успеавме тие младинци да излезат со одредени ликовни знаења.

— Дали некои членови на клубот особено се истакнуваат со работата и дали досега учествувале на изложби?

— **Центарот за култура при Работничкиот Универзитет организира традиционални аматерски ревијално-ликовни изложби, па на нив членовите на клубот го изложуваат сé она што го постигнале,** и досега биле навистина забележани нивните резултати. **Инаку, многу од овие млади луѓе продолжуваат со она што овде го научиле, на Академија. Сакам да ги истакнам младите сликари Борис Градишки и Трајко Матевски.**

**Ј. Корубин**